1

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18) директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за измена и дополна на
## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2018 ГОДИНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се врши измена на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година бр.05-003388/18-0001 од 12.01.2018 г.
2. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **се менуваат податоците** за набавките со број 13, 20, 26 28 од основниот План за јавни набавки за 2018 година и за набавките кои се дополнети со Одлуките за измена и дополна на основниот план, така да истите гласат:

| **Бр.** | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Шифра според ОПЈН** | **Очекуван почеток на постапката (месец)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари)** | **Вид на постапка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 13. | Набавка на артикли за бифе | | Октомври | 1.112.712,00 | 1.313.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | Двегодишна набавка |
| 20. | Набавка на софтверско решение за Service desk | | Декември | 2.542.373,00 | 3.000.000,00 | Отворена постапка | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Хотелско сместување на царински службеници | | Април | 550.847,00 | 650.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | Тригодишна набавка |
| 28. | Одржување на систем за евиденција на работно време | | Ноември | 635.594,00 | 750.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | Двегодишна набавка |
| | Набавка на писмоносни услиги во внатрешен сообраќај | | Октомври | 2.881.356,00 | 3.400.000,00 | Отворена постапка | Двегодишна набавка |
| | Опрема за царинска лабораторија | | Април | 13.978.000,00 | 16.494.040,00 | Отворена постапка | |

3. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **набавката со реден број 56 се брише:**

| **Бр.** | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Шифра според ОПЈН** | **Очекуван почеток на постапката (месец)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари)** | **Вид на постапка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 56, | Изнајмување на сала за обуки | | Март | 127.119,00 | 150.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година број 05–003388/18-0001 од 12.01.2018 година.

1.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2018 година се прави врз основа на следните доставени барања:

- Барање бр.24-042118/18-0004 од 30.10.2018 година, доставено од Сектор за информациски и комуникациски технологии, со кое е побарано:
  - За јавната набавка „Одржување на систем за евиденција на работно време“ (ред.бр. 28 во ПЈН) да се направи промена во времетраењето на договорот од тригодишна во двегодишна набавка и да се промени очекуваниот почеток на постапката наместо во август да биде во ноември 2018 година, со напомена дека буџетот останува непроменет.
  - Предметот на договорот за јавната набавка на нови софтвери и развојни алатки (ред.бр. 20 во ПЈН) да се промени во „Набавка на софтверско решение за Service desk“ и да се промени очекуваниот почеток на постапката наместо во јуни да биде во декември 2018 година, со напомена дека буџетот останува непроменет.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-042118/18-0005 од 05.11.2018 година, вкупно потребните средства во износ од 750.000,00 денари за двегодишната јавна набавка на „Одржување на систем за евиденција на работно време ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2019 и 2020 година.

- Барање бр.13-087081/18-0001 од 31.10.2018 година, доставено од Сектор за царински систем, со кое се побарани дополнителни средства во износ од 1.294.040,00 денари со ДДВ за да се повтори постапката за поништениот Дел 3-Инфрацрвен спектрометар-FT-IR (Fourier Transformed Infrared Spektrometer) од претходно спроведената постапка за набавка на „Опрема за царинска лабораторија”, бидејќи по склучување на договорите преостанатите средства во износ од 593.960,00 со ДДВ се недоволни.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-087081/18-0002 од 06.11.2018 година, вкупно потребните средства во износ од 1.888.000,00 денари се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2018, па следствено се врши промена на проценетата вредност за планираната набавка „Опрема за царинска лабораторија”, така да новата проценета вредност на договорот изнесува 16.494.00,00,00 денари со ДДВ наместо 15.200.000,00 денари со ДДВ.

- Барање бр.05-003388/18-0046 од 31.10.2018 година, доставено од Секторот за правни работи со кое е побарано да се изврши намалување на износот на проценетата вредност на договорот за планираната двегодишна јавна набавка -„Набавка на писмоносни услуги во внатрешен сообраќај”, така да новата проценета вредност на набавката изнесува 3.400.000,00 денари со вклучен ДДВ, наместо 8.400.000,00 денари .

- Барање бр.02-090238/18-0002 од 05.11.2018 година, доставено од Одделение кабинет на директор со кое е побарано да се изврши зголемување на износот на проценетата вредност на договорот за планираната двегодишна јавна набавка - „Набавка на артикли за бифе” (ред.бр. 13 во ПЈН), така да новата проценета вредност на набавката изнесува 1.313.000,00 денари со вклучен ДДВ, наместо 900.000,00 денари .

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-090238/18-0003 од 05.11.2018 година, вкупно потребните средства за реализација на предметната двегодишна набавка во износ од 1.313.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2019 и 2020 година

- Барање бр.04-091992/18-0001 од 06.11.2018 година доставено од Секторот за управување со човчки ресурси-Одделение за обуки со кое се:
  - побарани дополнителни средства во износ од 50.00,00 денари со ДДВ за да се повтори постапката за поништениот Дел 4-Хотелско сместување во Гевгелија или Дојран од претходно спроведената постапка за тригодишна набавка на „Хотелско сместување на царински службеници”, и
  - побарано да се изврши бришење од Планот за јавни набавки на набавката „Изнајмување на сала за обуки“ (ред.бр. 56), бидејќи немаат потреба од таква набавка.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-091992/18-0002 од 08.11.2018 година, вкупно потребните средства во износ од 50.000,00 денари со ДДВ се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2018, 2019 и 2020 година, па следствено се врши промена на проценетата вредност за планираната тригодишна набавка „Хотелско сместување на царински службеници” (ред.бр. 26 во ПЈН), така да новата проценета вредност на договорот изнесува 650.000,00 денари со ДДВ наместо 600.000,00 денари со ДДВ.

Директор
м-р Ѓоко Танасоски

Број 05-003388/18-0047
Скопје, 12.11.2018 г.

Изработил: Мирјана Станоева

Одобрил: Александар Петковски

Доставено во оригинал до:

- Одделение за јавни набавки,
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:

- Директор
- Заменик директор
- Советници на директор
- Сектор за сметководство и финансии,
- Сектор за управување со  човечки ресурси
- Сектор за царински систем
- Сектор за ИКТ
- Сектор за контрола и истраги
- Сектор за професионална одговорност
- Сектор за акцизи и нетарифни мерки
- Сектор за правни работи